**20212924563**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 5 став 4 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2021 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ([*])

Член 1

Во Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/20, 281/20, 4/21, 53/21, 135/21 и 197/21), во членот 1 во ставот (2) по бројот „467“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по Прилогот 468, се додаваат четири нови прилози 469, 470, 471 и 472, кои се составен дел на оваа уредба.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-11622/1
21 декември 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

[*] Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативите на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEX бр. 32021R1367, 32021R1368, 32021R1369 и 32021R1370.

**Прилог 469**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 1367/2021** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Возило со четири тркала со електричен мотор на еднонасочна струја со напон од 24 V и моќност 800 W, напојувано со две батерии на полнење од 12 V и капацитет од 45 Ah. Приближната ширина на возилото е 65 см, должина 125 см и висина 129 см (измерена на наслонот на седиштето, односно 85 см со спуштено седиште). Вкупната тежина на возилото е приближно 107 кг (со батерии изнесува 108 кг). Максималната дозволена тежина на оптоварување е 130 кг.<br>Возилото ги има следните карактеристики:<br>- хоризонтална платформа што ги поврзува предната и задната страна; платформата не може да се прилагоди на потребите на корисникот (на пр. преклопена или навалена),<br>- две испружени оски, погон на задната оска и меѓуоскино растојание од 820 мм,<br>- способност за возење на угорница од 13□,<br>- круг на вртење од 210 см,<br>-два сета на пневматски гуми (задните гуми се поголеми од предните),<br>- прилагодливо ротирачко седиште со прилагодување на висината, со наслон за грб и потпирачи за раце и нелизгачка подлога за стапала,<br>- прилагодлив преклопен управувачки столб со рачки со овална форма,<br>- предни и задни светла, трепкачи и ретровизори.<br>Управувачкиот столб има контролна табла со прекинувач, контрола на брзината, копче за звучно предупредување, копче за гасење на моторот, прекинувач за покажување на правецот, прекинувач за светла, индикатор за статусот на батеријата и копче за прилагодување на брзината.<br><br>Возилото има две рачки за рачно управување наменети за забрзување, сопирање и возење station наназад. Воланот може да се прилагоди за да се управува само со една рака. Возилото има „паметен“ електромагнетен систем за регенерација при сопирање.<br><br>Со целосно наполнети батерии, возилото има максимален домет до 45 километри и може да достигне максимална брзина од приближно 15-16 км/ч. | **8703 10 18** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименуванијата на тар. број 8703 и тар. подброеви 8703 10 и 8703 10 18.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8713 како количка за превоз на лица со посебни потреби е исклучено бидејќи возилото не е специјално дизајнирано за превоз на лица со попреченост: тоа нема посебни карактеристики што ја олеснуваат попреченоста.<br><br>Иако возилото е дизајнирано така што управувањето може да се контролира со една рака и има удобно ротирачко седиште со потпирачи и нелизгачка подлога за стапала, (и по желба може да биде опремено со мали тркала против превртување), таквите карактеристики објективно не можат да се сметаат за специјално дизајнирани карактеристики за да се олесни попреченоста (види исто така Коментарски забелешки на Комбинирана номенклатура (КЗКН) за подброј 8713 90 00, Коментарски забелешки на Хармонизиран систем (КЗХС) за тар. број 8713 и мислење за распоредување во ХС 8703.10/1).<br><br>Дополнително, возилата опремени со посебен прилагодлив управувачки столб и возилата кои што развиваат максимална брзина над 10 км/ч се исклучени од тар. број 8713 (види КЗКН за тар. подброј 8713 90 00).<br><br>Возилото е наменето за превоз на лица и при ставање на увид кај царинскиот орган не може да се препознае како возило дизајнирано исклучиво за лица со попреченост (види случај C-198/15 (1)), врз основа на неговите објективни карактеристики и својства кои мора да се проценат за време на царинење (види случај C-286/15 (2)). Секоја последователна измена на возилото по завршување на постапката на увозно царинење нема да се земе во предвид, ниту проценката на возилото извршена од национални органи за други потреби, различни од оние утврдени со |

| | | |
|---|---|---|
| Возилото може да биде опремено со мали тркала за да спречи превртување на задната страна, корпа за пазарење, држач за стапови за одење итн.<br><br>Возилото може да се преклопи при транспорт, може да се употребува на улици, тротоари, пешачки патеки, патеки во паркови, велосипедски патеки и на одредени патеки за рекреирање или пешачки зони (трговски центри).<br><br>Види фотографија (*) | | царинското законодавство.<br><br>Возило е посебен тип на возило за превоз на лица.<br><br>Затоа, возилото е распоредено во тар. подброј 8703 10 18 како моторно возило првенствено наменето за превоз на лица, слично како возилата наменети за голф терени. |



(*) Фотографијата е само од информативен карактер

**Прилог 470**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 1368/2021** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (леќа за камера со држач) составен од стаклена леќа во пластично куќиште опремен со држач за прицврстување.<br><br>Производот е наменет за употреба со камери со една леќа вградени во паметни телефони, таблети и други слични уреди.<br><br>Кога производот ќе се прицврсти на леќата на камерата со помош на држачот за прицврстување, овозможува пошироко видно поле на камерата.<br><br>Види фотографија (*) | **9002 11 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванието на тар. број 9002 и тар. подброј 9002 11 00.<br><br>Поради неговите објективни карактеристики (опременоста со држач за прицврстување на камерата со една леќа), производот е наменет за употреба со оптички инструмент (камера) како систем свртен кон предметот и овозможува слика од предметот. Затоа, производот претставува леќа опфатена во тар. број 9002 (види КЗХС за тар. број 9002, трет став).<br><br>Наименуванието на тар. подброј 9002 11 00 опфаќа леќи за камери, без при тоа да се наведени специфични типови на камера и не ги исклучува леќите наменети за камери кои што се вградуваат во други производи, при што самите не се распоредуваат како камери.<br><br>Затоа, производот треба да се распореди во тар. подброј 9002 11 00 како леќи за фотоапарати и камери. |
|  | | |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 471**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 1369/2021** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Лента изработена од еластичен текстилен материјал, широка приближно 5 см, покриена од едната страна со леплив материјал изработен од синтетичка гума, со тежина не повеќе од 1 500 гр/м$^2$.<br><br>Лентата е намотана во ролна со форма на цевка и е ставена во картонски кутии со 16 или 24 ролни, со дијаметар приближно од 7,5 см. На пакувањето не е наведено дека лентите се наменети за медицинска употреба.<br><br>Лентата е претставена како лента за заштита на зглобовите за време на спортски активности.<br><br>Види фотографија (*) | **5906 10 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 4 од Глава 59 и наименување на тар. број 5906 и тар. подброј 5906 10 00.<br><br>Производот не е импрегниран или обложен со фармацевтски супстанции. Не поседува објективни карактеристики што би укажале дека е специјално направен за медицински, хируршки, стоматолошки или ветеринарни цели. Покрај тоа, на пакувањето не е наведено дека производот е наменет за медицинска употреба. Затоа, распоредувањето во тар. број 3005 е исклучено (види исто така КЗХС за тар. број 3005, трет став).<br><br>Оттука, производот се распоредува според материјалот од кој е направен.<br><br>Затоа, производот треба да се распореди во тар. подброј 5906 10 00 како леплива лента со широчина што не надминува 20 см. |
|  |  |  |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 472**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1370/2021** | **Распоредување<br>(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Рамен правоаголен производ (димензии приближно 2,50м x 2,50м) изработен од лесен ткаен текстилен материјал (100% полиестерски влакна) превлечен од едната страна со пластичен материјал (ПВЦ) невидлив со голо око, со патент затворачи сошиени на рабовите на трите страни, со помош на кои се спојува со шатор.<br><br>Согласно информациите наведени на пакувањето, производот претставува страничен ѕид за шатор. Се увезува самостојно (без покрив, други ѕидови и без потпорна конструкција). | **6307 90 98** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7 точка (ѓ) кон Оддел XI и наименување на тар. број 6307 и тар. подброеви 6307 90 и 6307 90 98.<br><br>Распоредувањето на производот како церада од тар. подброј 6306 12 00 е исклучено бидејќи церадите главно се изработени од тешка ткаенина и се користат за заштита на стоката од неповолни временски услови (види исто така, КЗХС за тар. број 6306, точка (1)). Патент затворачите сошиени на производот и лесниот материјал од кој што е изработен укажуваат дека производот не е наменет за употреба како церада опфатена во тар. подброј 6306 12 00.<br><br>Понатаму, производот не може да се распореди како шатор од тар. подброј 6306 22 00 поради неговите објективни карактеристики.<br><br>Производот нема суштински карактер на готов производ (шатор) во смисла на Основното правило 2 (а). Од неговите објективни карактеристики не е јасно дали ќе се користи како дел од шатор, настрешница или некој друг производ.<br><br>Другите готови производи од било кој текстилен материјал се распоредуваат во тар. број 6307, под услов тие да не се опфатени во другите тарифни броеви од Оддел XI. Овој тарифен број вклучува и готови рамни заштитни покривки, освен церади и покриви од тар. број 6306 (види исто така, КЗХС за тар. број 6307, прв и втор став, точка (8)).<br><br>Затоа, производот треба да се распореди во тар. подброј 6307 90 98 како "други готови производи". |